Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 септември 2020 година

Скопје, септември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 септември 2020 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседава Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

На седницата присуствуваа м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Владимир Лазовски од Министерството за култура.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата м-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

- Информација за програмирање на стратешкиот одговор и Акциските фишеа за 2021 и 2022 година
- Информација за потпишување на Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831, со текст на Измената на Финансиската спогодба

- Статус на реализација на обврските и приоритетите на Република Северна Македонија како членка на НАТО, согласно Северноатлантскиот договор и НАТО процесот за одбранбено планирање

1. Записник од Сто дваесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 август 2020 година

2. Записник од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 септември 2020 година

3. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2019 година

4. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините Штип, Долнени и Ресен, со предлог - одлуки

5. Предлог - одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (разна стока) во кривична, прекршочна и во управна постапка

6. Предлог - одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 4 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка

7. Предлог – одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

8. Предлог-одлука за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година

9. Предлог-одлука за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

10. Информација во врска со назначувањето на националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог-одлука

11. Информација за донесување на Предлог - одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје

12. Барање за донесување на одлука за отстапување на 150.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог - одлука

13. Збирен извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините Македонски Брод и Ресен

14. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.5)

15. Информација за неопходна потреба за спроведување постапки за јавна набавка

16. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип)

17. Информација за реализација на национална кампања „Дома си е дома“

18. Информација во врска со донесување на одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, со Предлог – одлука (Агенција за храна и ветеринарство)

19. Предлог - програма за изменување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2020 година

20. Информација за избор на Адвокатска канцеларија од Република Бугарија за застапување на Република Северна Македонија пред редовен суд во Република Бугарија за признавање на судска одлука и за извршување на судска одлука СТР-0706-1/20

21. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ДП 02-343/20 Скопје (Државното правобранителство на Република Северна Македонија)

22. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за ширење на демократија и демократски принципи во општеството ПРОЕКТ ЕУ - Кавадарци (разна опрема)

23. Предлог - одлука за продажба на деловен простор во Гостивар

24. Информација за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште во границите на ГП бр. 12 и ГП бр. 13 од Урбанистички план вон населено место Таринци, изготвен од „Дизајн Центар Инженеринг" - Кавадарци со тех. бр.2589, од 2012 година, донесен од Советот на Општина Карбинци со Одлука бр.0701-1052/13 од 31.10.2012 година, сопственост на Република Северна Македонија за изградба на фотоволтаични централи во Општина Карбинци, со предлог - одлуки

25. Информација за донесување на Одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со јавно наддавање за изградба на објект со основна класа на намена: Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа), ГП бр.1 согласно Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) вон населено место с. Стенче одобрена со Решение бр.14-88/2018 од 15.04.2019 год од Градоначалникот на Општина Брвеница, КП бр.346/1, КП бр.347/1 и КП бр.2819/1 за КО Стенче во површина од 26105 м2, со Предлог - одлука

26. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Чешиново - Облешево)

27. Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за автокампови

28. Предлог - закон за изменување и дополнувања на Законот за скијалишта

29. Предлог - одлука за давање на трајно користење на градежно земјиште на Општина Кавадарци

30. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (прераспределба на средства во износ од 16.200.000 денари, во Министерството за здравство)

31. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (прераспределба на средства во износ од 35.400.000 денари, во Министерство за надворешни работи)

32. Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп; и Предлог - одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за

производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп

33. Предлог - анекс на склучен Договор за државна помош бр.Дов10-9/9 од 18.01.2016 склучен помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги „Герман електро мехатроникс“ ДОО Илинден

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Ново Село за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, Општина Ѓорче Петров, со Предлог - одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Блаце, Општина Петровец, со Предлог - одлука

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог - одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Волковија, Општина Брвеница, со Предлог - одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на приклучок и базна станица-БТС Дурачка Река КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка, со Предлог - одлука

39. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до МХЕЦ Тополка 317 КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог - одлука

40. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во КО Дихово вон град, Општина Битола, со Предлог - одлука

41. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација

за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Градешница, Општина Новаци, со Предлог - одлука

42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, со Предлог – одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-компатибилна супраструктура за фотоволтна електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог - одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4–стовариште КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура за производство на енергија, термо електроцентрала на биогас и сообраќајно регулирање на крстосница со регионален пат Р1 107 КО Ново Лагово, Општина Прилеп, со Предлог - одлука

46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на градби со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Дихово-вон г.р., Општина Битола, со Предлог - одлука

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог - одлука (45-10757/1)

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог - одлука (45-10748/1)

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог - одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација

за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мала Речица, Општина Тетово, со Предлог - одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог - одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бадар, Општина Петровец, со Предлог - одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б5–хотелски комплекс КО Патишка Река, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

55. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и промет АГРО ФАРМ Демир Хисар ДООЕЛ ул.Битолска бр.42 Демир Хисар, Општина Демир Хисар, со Предлог - одлука

56. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец КИКО ТАЦЕ – Игор Атанасов с.Мустафино Свети Николе, со Предлог - одлука

57. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ИЗ Десил Слободанка Србиновска с.Рибарци, Општина Новаци, со Предлог - одлука

58. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ градинарот - Ристо Савев ул. Илинденска бб с. Зрновци Кочани, со Предлог - одлука

59. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ КОКИ – Никола Николов ул. 29-ти Ноември бр.99, Кочани, со Предлог - одлука

60. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија

и услуги „Деспина компани“ ДООЕЛ с. Сарчиево Штип, Подружница Земјоделско стопанство Деспина с. Врсаково Штип, со Предлог - одлука

61. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „Марија агро компани“ ДООЕЛ с. Сарчиево Штип, Подружница „Агро Марија компани“ с. Врсаково Штип, со Предлог - одлука

62. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Кукуреско“ извоз-увоз ДООЕЛ с. Корешница Демир Капија, со Предлог - одлука (79024м$^2$)

63. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Кукуреско“ извоз-увоз ДООЕЛ с. Корешница Демир Капија, со Предлог - одлука (85733м$^2$)

64. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Сурин“, Општина Јегуновце од Друштвото за градежништво, производство и услуги „Сурин Станимир Богојевски“ ДООЕЛ експорт-импорт с. Старо Село Вратница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Шаза“ ДООЕЛ с. Слатино, Теарце

65. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „Портланд-опц“ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски“, Општина Василево, со Предлог – одлука

66. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Емви-комерц“ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Бел Камен“, Општина Крушево, со Предлог – одлука

67. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и транспорт „Мартиники“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово на локалитетот „Доња Река“, Општина Куманово, со Предлог – одлука

68. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица, со Предлог – одлука

69. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина 2/2019 (Службен весник на Република Северна Македонија бр.222/19), со Предлог – одлука

70. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенд енд стоун“ ДОО увоз – извоз Кавадарци на локалитетот „Прчен Камен“, Општина Градско, со Предлог – одлука

71. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево, со Предлог – одлука

72. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЈ Аква инженеринг ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Трница“, Општина Студеничани

73. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – цементен лапорец на Друштвото за трговија, производство и услуги Ракотинци ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Рит Круши“, Општина Сопиште

74. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги „Интерунион-груп“ ДООЕЛ узвоз-извоз Скопје на локалитетот „Брија“, с. Мојанци, Општина Арачиново

75. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на Друштвото за трговија, сообраќај и услуги „Мирсат комерц“ увоз-извоз Зеќир Зеќироски с. Челопеци Кичево на локалитетот „Миокази“, Општина Кичево и Општина Македонски Брод

76. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за судски такси

77. Предлог - закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи

78. Информација за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите

79. Информација за потребата од утврдување на дополнување на текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување

80. Предлог - закон за спречување и заштита од дискриминација

81. Информација за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од обласста на културата за 2020 година, со Предлог - одлука

82. Предлог - одлука за давање согласност на Предлог - конкурсот за запишување на студенти на втор циклус студии на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, во академската 2020/2021 година

83. Извештај за работа на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2019 година, Извештај на Независниот ревизор и Финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2019 и финансискиот план за деловната 2020 година

84. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот„2001“ од член 4 став 2 од Законот за Агенција на Република Северна Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2001)

85. Информација доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.1295/20 по поднесени претставки од родители на деца до 10 години

86. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1584 за КО Дихово

87. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за купопродажба на земјоделско земјиште со Имотен лист бр.109 за КО Алинци

88. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен бр.92984 за КО Чаир на КП бр.179 дел 1 викано место/улица Босна и Херцеговина (44-7688/1)

89. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен бр.92984 за КО Чаир на КП бр.179 дел 1 викано место/улица Босна и Херцеговина (44-7687/1)

90. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на идеален дел на недвижности со Имотен лист бр.22905 за КО Штип-6

91. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 место/улица Осоговска

92. Известување од извршител Игор Ромевски од Скопје за налог за извршување врз недвижност, доставен под И бр.51/17, за КО Д Водно

93. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за прва усна јавна продажба доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 10 септември 2020 година, за КО Горно Лисиче

94. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И бр.259/18, која ќе се одржи на 9 септември 2020 година, за КО Ѓорче Петров 6

95. Писмо од претседателот на Собранието до претседателот на Владата за потврдување на предлози на акти, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав на Владата

96. Кадровски прашања

97. Прашања и предлози

98. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје

99. Тромесечен извештај за финансиското работење на ЈПВ Лисиче-Велес, за период април-јуни 2020 година

100. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април - јуни 2020 година

101. Кумулативен и компаративен финансиски извештај за четврти квартал 2016 година во споредба со истиот 2015 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје

102. Кумулативен и компаративен финансиски извештај за прв квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"- Скопје

103. Тримесечен финансиски извештај за финансиско работење за период од 1 април 2017 година до 30 јуни 2017 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"- Скопје

104. Кумулативен и компаративен финансиски извештај за трет квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"- Скопје

105. Кумулативен и компаративен финансиски извештај за четврт квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје

106. Кумулативен и компаративен финансиски извештај за прв квартал 2018 година во споредба со истиот 2017 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје

107. Кумулативен и споредбен биланс на успех за втор квартал 2018 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје

108. Кумулативен и споредбен биланс на успех за трет квартал 2018 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"“- Скопје

109. Кумулативен и споредбен биланс на успех за четврт квартал 2018 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје

110. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

111. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

112. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2020 година

113. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2019 година

114. Информација од работната група која е задолжена да изработи анализа за начинот и можностите за субвенционирање

115. Информација за текот на активностите во врска со спроведувањето на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба

116. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

117. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за формирање на комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство

118. Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 212/20)

119. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година

120. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип

121. Информација за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд со Предлог - одлука за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица

122. Барање за издавање согласност за набавка на опрема, возила и мебел од програмите за прекугранична соработка ИПА фондови

*

*　　*

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**- Информација за програмирање на стратешкиот одговор и Акциските фишеа за 2021 и 2022 година**

Владата ја разгледа Информацијата за програмирање на стратешкиот одговор и Акциските фишеа за 2021 и 2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор да го достави пакетот на програмските документи до службите на Европската комисија, ДГ за соседство и преговори за проширување, веднаш по усвојување на пакетот.

**- Информација за потпишување на Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831, со текст на Измената на Финансиската спогодба**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна

Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831, со текст на Измената на Финансиската спогодба и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831.

2. Го разгледа и прифати текстот на Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, м-р Никола Димитров, да ја потпише Измената бр. 1 на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година - цел 1 - 2020/041-831.

4. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија да ги донесат мерките за поддршка на микро, малите и средни претпријатија, како дел од мерките за справување со последиците од КОВИД 19, а Владата да ги усвои, како предуслов за добивање на буџетската поддршка од страна Европската комисија.

5. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да ги донесат мерките за невработени лица, како дел од мерките за справување со последиците од КОВИД 19, а Владата да ги усвои, како предуслов за добивање на буџетската поддршка од страна Европската комисија.

- **Статус на реализација на обврските и приоритетите на Република Северна Македонија како членка на НАТО, согласно Северноатлантскиот договор и НАТО процесот за одбранбено планирање**

Владата како акционер во Македонски телеком АД – Скопје, заклучи да ги информира претседателот и членовите на Одборот на директори на Македонски телеком АД - Скопје, дека е во подготовка за потпишување на меморандум за разбирање со Соединетите Американски Држави, согласно НАТО агендата, поради кој ќе се преземат активности за доуредување на регулативата за имплементација на 5G технологијата.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто дваесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 август 2020 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Записникот од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 септември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 септември 2020 година со следните заклучоци:

- го прифати предлогот од точката 1.1. од Записникот што се однесува на вработените лица кои се ослободени од работа врз основа на утврдената листа на хронични болести, односно, почнувајќи од 23 септември 2020 година (среда), да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи.

Исклучок од ова ќе бидат само лицата (пациенти) кај кои болеста е во фаза на егзацербација и за оние со малигна болест, за кои ќе биде дадена потврда со наод и мислење од лекар специјалист, врз основа на која потврда овие лица ќе користат боледување, имајќи ги предвид измените направени во соодветниот Правилник на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

- точката 1.3. од Записникот што се однесува на породилното отсуство да биде продолжено до крајот на 2020 година, за што Министерството за труд и социјална политика да реалоцира средства од својот буџет во буџетот на Фондот на здравственото осигурување на Република Северна Македонија, да се разгледа на наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, поради потребата од дополнителни усогласувања на Министерството за здравство и Министерство за труд и социјална политика.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за изменување на член 1, став 1, од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, во точката 14. да се додадат два нови става 6 и 7 во насока:

- Државјаните на Република Косово кои влегуваат на територија на Република Северна Македонија од копнен граничен премин од Република Косово и кои транзитираат, задолжително да приложат медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез на територија на Република Северна Македонија.

- Медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест за деца при влегување на територија на Република Северна Македонија, во случаите од став 4 и новиот став 6 од Одлуката, да се приложува кога детето е над 10 годишна возраст.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините Штип, Долнени и Ресен, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип,

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен, во предложените текстови.

**Точка 5**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гази Баба (најнов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Богданци, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Општина Центар Жупа (нов текст), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Црвен крст на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чаир (пмв Фиат Пунто), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (тмв Мерцедес ЛП 813) (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Куманово (пмв Фолксваген Пасат), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда Општина Крушево (пмв Опел Вектра), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да подготви детална информација со проекција за остварениот нето приход за 2019 година, која да ја достави до Министерството за финансии, со цел по истата Министерството за финансии да подготви ново мислење врз основа на кое Владата ќе заземе став по Предлог - одлуката.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлука за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да подготви детална информација со проекција за остварениот нето приход за 2019 година, која да ја достави до Министерството за финансии, со цел по истата Министерството за финансии да подготви ново мислење врз основа на кое Владата ќе заземе став по Предлог - одлуката.

## Точка 9

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да подготви детална информација со проекција за остварениот нето приход за 2019 година, која да ја достави до Министерството за финансии, со цел по истата Министерството за финансии да подготви ново мислење врз основа на кое Владата ќе заземе став по Предлог - одлуката.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Националниот оператор на пазар на електрична енергија – Мемо ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за назначување на операторот на пазарот на електрична енергија за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за донесување одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 150.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог – одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и данокот на додадена вредност, за отстапеното гориво да бидат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

## Точка 13

Владата го разгледа Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините Македонски Брод и Ресен, и го усвои со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија го усвои предлогот на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди дека штетите во Општина Македонски брод, не претставуваат штети од поголем обем.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за парична помош во висина од 30% од износот на проценетата штета, на Општина Ресен.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница.

3. Се укажува на Општина Ресен во рок од 30 дена од добивање на средствата да изготви и достави извештај за распределба на средствата до Владата на Република Северна Македонија и до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.5) и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.5, како и да ги направи промените во Список бр.3 и Список бр.4.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за неопходна потреба за спроведување постапки за јавна набавка, ја усвои и даде согласност на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да ги спроведе јавните набавки за набавка на уред за непрекинато напојување (УПС), набавка на контролен панел за дизел агрегат и набавка на клима уреди.

## Точка 16

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за реализација на национална кампања „Дома си е дома“, со следните заклучоци:

1.Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на општините и на Град Скопје, да го постават логото „Дома си е дома“ на своите веб страни и истите преку линк да се поврзат со веб страната на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (www.toruismmacedonia.gov.mk).

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на општините и на Град Скопје да ги преземат 10-те промотивни видеа од youtube каналот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и истите да ги постават на своите официјални интернет страни и споделат на нивните социјални мрежи.

Исто така, се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од 14 дена да организира и одржи координативен состанок со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Министерството за економија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за избор на адвокатска канцеларија од Република Бугарија за застапување на Република Северна Македонија пред редовен суд во Република Бугарија за признавање на судска одлука и за извршување на судска одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да подготви и до Владата да достави информација во однос на тоа која е избраната адвокатска канцеларија согласно постапката за избор на најповолен понудувач, како и колкави се трошоците за спроведување на судската постапка, согласно која на седницата на Владата да се разгледува начинот за обезбедување на финансиските средства.

**Точка 21**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за ширење на демократија и демократски принципи во општеството Проект ЕУ - Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште во границите на ГП бр. 12 и ГП бр. 13 од Урбанистички план вон населено место Таринци со тех. бр.2689 од септември 2012 година, донесен од Советот на Општина Карбинци со Одлука бр.0701-1052/13 од 31.10.2012 година со намена Е2-комунална супраструктура-соларна електрана, сопственост на Република Северна Македонија во Општина Карбинци, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.12) и

2. Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.13), во предложените текстови.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со јавно наддавање за изградба на објект со основна класа на намена: Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа), ГП бр.1 согласно Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) вон населено место с. Стенче одобрена со Решение бр.14-88/2018 од 15.04.2019 година од градоначалникот на Општина Брвеница, КП бр.346/1, КП бр.347/1 и КП бр.2819/1 за КО Стенче во површина од 26105 м2, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за автокампови (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Благој Бочварски министер за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за скијалишта, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Благој Бочварски министер за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за постапување по однос на Заклучок, по Точка 56, од 73-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2020 година, за Предлог – договорот за доделување на државна помош ВИК Македонија ДООЕЛ, с.Алинци, Прилеп – корисник на Технолошко индустриската развојна зона, со текст на Договор и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - анексот на склучен Договор за државна помош бр.Дов 10-9/9 од 18.1.2016 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги „Герман електро мехатроникс“ ДОО Илинден, за наредната седница на Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Фатмир Битиќи.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Ново Село за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ново Село за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Блаце, Општина Петровец, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во

градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Блаце, Општина Петровец, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 36</u>**

Владата го одложи разгледувањето на новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука (најнов текст), поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Агенцијата за катастар на недвижности, во делот на катастарската класа за КП бр.4367-дел, како и во однос на тоа, доколку се работи за приватно земјиште дали има прибележано закуп на истото.

Истовремено, Владата заклучи Образложението на Предлог-одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 37</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Волковија, Општина Брвеница, со Предлог – одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Волковија, Општина Брвеница, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 38</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за

изградба на приклучок и базна станица-БТС Дурачка Река КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на приклучок и базна станица-БТС Дурачка Река КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 39</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до МХЕЦ Тополка 317 КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до МХЕЦ Тополка 317 КО Дреново, Општина Чашка, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 40</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во КО Дихово вон град, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во КО Дихово вон град, Општина Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>Точка 41</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Градешница, Општина Новаци со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Градешница, Општина Новаци, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-компатибилна супраструктура за фотоволтна електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-компатибилна супраструктура за фотоволтна електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со

одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4–стовариште КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4–стовариште КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура за производство на енергија, термо електроцентрала на биогас и сообраќајно регулирање на крстосница со регионален пат Р1 107 КО Ново Лагово, Општина Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура за производство на енергија, термо електроцентрала на биогас и сообраќајно регулирање на крстосница со регионален пат Р1 107 КО Ново Лагово, Општина Прилеп, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на градби со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Дихово-вон г.р., Општина Битола, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална

урбанистичка планска документација за изградба на градби со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Дихово-вон г.р., Општина Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 47

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 48

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување Ко Бардовци, Општина Карпош, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 49

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на

намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) КО Таор, Општина Зелениково, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мала Речица, Општина Тетово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мала Речица, Општина Тетово, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 52

Владата по Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бадар, Општина Петровец, со Предлог – одлука, заклучи да не ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бадар, Општина Петровец, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 53

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б5–хотелски комплекс КО Патишка Река, Општина Сопиште, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б5–хотелски комплекс КО Патишка Река, Општина Сопиште, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Образложението кон Одлуката да се дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 55

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со

Друштво за производство и промет „Агро фарм" Демир Хисар ДООЕЛ, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Кико Таце – Игор Атанасов с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ИЗ „Десил Слободанка Србиновска" с.Рибарци, Општина Новаци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „Градинарот- Ристо Савев" ул. Илинденска бб с. Зрновци-Кочани, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „КОКИ – Никола Николов" ул. 29-ти Ноември бр.99, Кочани, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги усогласи податоците на површината на земјоделското земјиште во текстот на Информацијата и Одлуката.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „Деспина компани" ДООЕЛ с. Сарчиево Штип, Подружница Земјоделско стопанство Деспина с. Врсаково Штип, со Предлог -

одлука (нов текст), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „Марија агро компани“ ДООЕЛ увоз-извоз с. Сарчиево Штип–Подружница-Земјоделско стопанство „Агро Марија компани“ с. Врсаково Штип, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Кукуреско“ извоз-увоз ДООЕЛ с. Корешница Демир Капија, со Предлог - одлука (79024м$^2$), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Кукуреско“ извоз-увоз ДООЕЛ с. Корешница, Демир Капија, со Предлог–одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Сурин“, Општина Јегуновце од Друштвото за градежништво, производство и услуги „Сурин Станимир Богојевски“ ДООЕЛ експорт-импорт с. Старо Село Вратница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Шаза“ ДООЕЛ с.Слатино, Теарце (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „Портланд-ОПЦ“ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски“, Општина Василево, со Предлог – одлука, не ја усвои

Информацијата и не ја донесе Одлуката, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Василево.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Емви-комерц“ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Бел Камен“, Општина Крушево, со Предлог – одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и транспорт „Мартиники“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, на локалитетот „Доња Река“, Општина Куманово, со Предлог– одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и транспорт „Мартиники“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово на локалитетот „Доња Река“, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Острата скрка“ Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.222/19), со Предлог – одлука и заклучи:

1. Донесе одлука за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, согласно член 38 став 1, алинеја 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, која се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Министерството за економија да започне нова постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина, откако одлуката за поништување на постапката за доделување на концесијата ќе стане конечна.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенд енд стоун“ ДОО увоз–извоз Кавадарци на локалитетот „Прчен Камен“, Општина Градско, со Предлог–одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Градско.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево (нов текст), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „JJ Аква инженеринг“ ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Трница“, Општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – цементен лапорец на Друштвото за трговија, производство и услуги „Ракотинци“ ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Рит Круши“, Општина Сопиште (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги „Интерунион-Груп“ ДООЕЛ узвоз-извоз Скопје на локалитетот „Брија“, с.Мојанци, Општина Арачиново, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермеризиран варовник на Друштвото за трговија, сообраќај и услуги „Мирсат комерц“ увоз-извоз Зеќир Зеќироски с.Челопеци, Кичево на локалитетот „Миокази“, Општина Кичево и Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси, по скратена постапка, го утврди како Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, а за повереник Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 77**

Владата го разгледа Предлог – законот за изменување на Законот за заштита на укажувачи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, а за повереник Мимоза Киковска-Стојменова, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите, и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Од страна на Институциите кои партиципираат во Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел и Министерството за финансии, да предложат и усвојат решение за обезбедување на буџетски средства за покривање на недостатокот на средства за опремување на Мисијата, кои грубо може да се очекуваат во севкупен износ најмногу до 100.000 евра и начин на распоредување по институции на истите.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за национална безбедност, а по обезбедувањето на средствата кои недостасуваат за опремување на Мисијата од Заклучокот број 1, да ги преземат сите правно финансиски процедури

за набавка на мебелот, информатичката опрема од НАТО и плаќањето на режиските трошоци.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за национална безбедност, по обезбедувањето на средствата кои недостасуваат за опремување од Заклучокот број 1, да склучат договор за групна јавна набавка на информатичко комуникациска опрема за националните потреби на Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО, со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, согласно закон.

4. Се задолжува Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по склучувањето на Договорот за групна јавна набавка од Заклучокот бр. 3 да отпочне постапка за групна јавна набавка за набавка на информатичко комуникациска опрема за националните потреби на Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за национална безбедност да планираат средства во буџетот за 2021 година за втората фаза од набавката на информатичка опрема за работа со национални класифицирани информации за Мисијата и да планираат средства во буџетот за наредните години за одржување на информатичката опрема за Мисијата набавена од НАТО и режиските трошоци во Мисијата.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја информира Владата за исходот на реализираните активности најдоцна до 30 септември 2020 година, а по потреба и порано.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од утврдување на текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување, со усогласен текст на Меморандум за разбирање (најнов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од утврдување на дополнување на текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување.

3. Се овластува Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување.

**Точка 80**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за спречување и заштита од дискриминација(*), условно го утврди поради потребата од дополнително усогласување по текстот на Предлог-законот и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, а за повереник Ѓултен Мустафова, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 81**

Владата на предлог на предлагачот ја повлече од Дневниот ред Информацијата за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со Предлог-одлука.

**Точка 82**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање согласност на Предлог - конкурсот за запишување на студенти на втор циклус студии на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје, во академската 2020/2021 година.

**Точка 83**

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2019 година, Извештајот на Независниот ревизор

и Финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2019 година и финансискиот план за деловната 2020 година, и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата, Финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 31/20), според кој Комисијата за хартии од вредност е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2019 година

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2019 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со нормативната дејност, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2019 година, Комисијата одобрила 15 емисии на долгорочни хартии од вредност. Од нив, 11 емисии се емисии на акции во износ од 2.426,8 милиони денари, од кои девет емисии биле реализирани како приватни понуди и две емисии како јавни понуди. Одобрени се 4 емисии на обврзници во износ од 492,1 милион денари.

Во рамките на своите законски надлежности, Комисијата извршила вкупно 15 контроли над работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност и извршила контрола над сите акционерски друштва со посебни обврски за известување. При спроведените контроли, Комисијата утврдила определени неправилности во работењето на овластените учесници во однос на непочитување на Законот за преземање на акционерски друштва и на Законот за хартии од вредност, при што донела пет решенија за изрекување јавна опомена, едно решение за привремена забрана во траење од 15 дена за вршење на сите услуги со хартии од вредност, едно решение за времено одземање на дозволата за директор во времетраење од 30 дена и издала два прекршочни платни налози.

Имајќи во предвид дека Комисијата за хартии од вредност во 2019 година ги извршувала активностите во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на пазарот на хартии од вредност, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Извештајот за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2019 година.

2. Извештај на независен ревизор и Финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2019 година

Според Билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2019 година остварила вкупни приходи во износ од 67,1 милиони денари, односно за 1,35% повеќе во однос на 2018 година кога вкупните приходи изнесувале 66,1 милиони денари. Во остварените приходи за 2019 година најголемо учество имаат приходите остварени од провизии и надоместоци во износ од 65,7 милиони денари.

Во 2019 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 65,9 милиони денари и се за 3,1% поголеми во однос на 2018 година кога изнесувале 63,9 милиони денари. Зголемените расходи се резултат на зголемувањето на ставката Капитални и други средства која изнесувала 4,4 милиони денари, што е за 2,5 пати поголема во однос на 2018 година.

Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 483 милиони денари, која бележи намалување од 74,2% во однос на 2018 година кога изнесувала 1.873 милиони денари.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата, поради што, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да ги усвои финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност за 2019 година.

3. Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2020 година.

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2020 година, вкупните приходи и расходи се урамнотежени и се планирани во износ од 63,1 милиони денари. Планираните приходи за 2020 година се за 5,9% пониски во однос на остварените приходи во 2019 година, а вкупните планирани расходи се за 4,2% пониски во однос на остварените расходи во 2019 година.

Приходите за 2020 година се планира да се остварат од надоместоците за издадени одобренија за издавање на хартии од вредност и преземање на акционерски друштва, надоместоци за надзор на овластените учесници на пазарот со хартии од вредност, надоместоци за издадени дозволи и согласности, како и други приходи од редовното работење на Комисијата.

Расходите за 2020 година во најголем дел се планирани на ниво на реализираните расходи во 2019 година. На расходната страна планирано е значително зголемување на ставката Трошоци за нови софтверски решенија која е планирана во износ од 9,02 милиони денари што претставува зголемување од 102% во однос на реализираното во 2019 година. Ваквото зголемување се должи на надградбата на информатичкиот систем за Супервизија и известување на Комисијата.

По однос на Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност за 2020 година, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието

на Република Северна Македонија да го усвои Финансискиот план за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2020 година.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот„2001“ од член 4 став 2 од Законот за Агенција на Република Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2001) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува член 4 став 2 во делот „2001“ од Законот за Агенција на Република Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/01) од аспект дека со истиот може да се доведе во заблуда во правниот промет и е во несогласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така во Иницијативата се наведува дека со оспорената одредба се врши ретроактивна примена на Законот со оглед дека овој закон бил објавен на 5.9.2001 година, а оспорената одредба се однесува на остатокот на побарувањата во билансот, имотот и бројот на вработените во Агенцијата на Република Македонија за управување со средства, со состојба на 31 март 2001 година.

Со Законот за Агенцијата на Република Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/01) се уредува основањето, работењето, организацијата и престанокот на работењето на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства.

Според член 4 став 1 од истиот закон, Агенцијата на Република Македонија за управување со средства престанува со работа на 31 март 2004 година. Во ставот 2 од истиот член е утврдено дека по престанување со работата остатокот на побарувањата во билансот, имотот и бројот на вработените во Агенцијата на Република Македонија за управување со средства со состојба на 31 март 2001 година се пренесуваат во Министерството за финансии.

Во конкретниот случај станува збор за печатна грешка односно во член 3 став 2 наместо „2001 година“ треба да стои „2004 година“, со оглед дека Агенцијата на Република Македонија за управување со средства престана со работа на 31 март 2004 година и логично е дека овој датум треба да се однесува и на датумот на утврдување на состојбата на Агенцијата во поглед на билансот, имотот и бројот на вработените, по престанокот на работењето на Агенцијата.

При тоа од формално-правен аспект се укажува дека со самиот факт што Агенцијата на Република Македонија за управување со средства престанала со работа на 31 март 2004 година и самиот Закон за Агенцијата на Република Македонија за управување со средства не е во правниот промет односно истиот престанал да важи

со престанокот со работа на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства, одредбите на овој закон не би можеле да бидат предмет на оценување на уставност.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.1295/20 по поднесени претставки од родители на деца до 10 години и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Согласно Законот за заштита на деца детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку цела година, доколку во детската градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца, составот и начинот на работа на комисијата, како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката, во согласност со советот на општината, додека по жалба против решение на комисијата решава градоначалникот на општината и општината во градот Скопје, а министерот за јавна детска градинка основана од Владата.

Јавните установи за деца – детски градинки основани од општините во Република Северна Македонија, се посебен правен субјект и Министерството за труд и социјална политика, нема надлежност за постапување во случај на запишување / примање на деца во јавна установа за деца – детска градинка.

Поради реакцијата од страна на родителите по затворањето на Јавните установи за деца - детските градинки, од страна на Министерство за труд и социјална политика е доставен допис- задолжение до сите установи за деца за почитување на член 60, од Законот за заштита на деца со кој е предвидено начинот и постапката за прием на деца во јавните установи за деца, со напомена истиот да се применува и почитува и во периодов додека трае пандемијата - COVID-19, по што најголем дел од установите го почитуваа даденото задолжение.

Исто така, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заразни болести во насока на заштита на здравјето на децата и нивната безбедност, во период на пандемија, подготвија Протокол за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба и истиот беше усвоен од Владата на 29.5.2020 година.

Согласно Протоколот, воспитните групи за деца до 2 годишна возраст треба да имаат најмногу по 6 деца а групите за децата од 3 до 10 годишна возраст да имаат

најмногу по 15 деца. Самиот факт дека градинките треба да работат со намален капацитет и помал број на деца во воспитните групи, а со цел поголема заштита на здравјето на децата се утврди потреба од одредување на приоритет за повторно вклучување на децата при отворање на градинките додека трае пандемијата - COVID-19. Министерството за труд и социјална политика достави барање до ЗЕЛС да обезбеди и достави податок - анализа од секоја општина, (кој впрочем се и основачи на Јавните установи за деца – детските градинки), да се изјаснат дали јавните установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки ги исполнуваат условите согласно Протоколот. Од податоците кои беа доставени може да се констатира дека најголемиот дел на градинки во однос на просторниот капацитет имаат можност да ги згрижат како приоритетни, децата на самохран родител кој што е во работен однос и децата на двајца родители кој се во работен однос и работните задачи треба да ги извршуваат на своите работни места.

Владата на 1-та седница, одржана на 1 септември 2020 година, ја усвои Информацијата за повторно отворање на установите за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/ центри за ран детски развој за време на пандемијата COVID-19 и ги донесе следните заклучоци:

-детските градинки и центрите за ран детски развој може да отпочнат со работа од 9 септември во согласност со Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитување на деца по укинување на вонредната состојба.

- Владата препорача на сите единици на локалната самоуправа кои се основачи на јавните установи за згрижување и воспитание на деца да обезбедат дополнителен простор или адаптираат соодветен простор за потребите на градинките доколку градинката има потреба од згрижување на деца согласно Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца, по престанување на траењето на вонредната состојба.

- се препорача на сите единици на локална самоуправа кои се основачи на јавните установи за згрижување и воспитание на деца, да обезбедат потребен соодветен кадар за временски период до траење на епидемијата COVID-19, доколку градинката има потреба по итни и неодложни работи за непречено функционирање на истата.

Министерството за труд и социјална политика постојано работи на обезбедување на услови за згрижување на сите деца, запазувајќи ги меѓународните и националните начела релевантни за заштита на децата. Во однос на ова, треба да се земе во предвид владиниот Протокол за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба во градинките и при донесување на одлуката за згрижување на децата и упис на нови деца, детските градинки да ги организираат воспитните групи така што бројот на деца во една група да не надмине повеќе од 6 деца во воспитните групи за деца до 2 годишна возраст и воспитните групи за деца од 3 до 10 годишна возраст да имаат најмногу по 15 деца, што е во насока на заштита на здравјето на децата и нивната безбедност.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола, за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1584 за КО Дихово и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска, за купопродажба на земјоделско земјиште со Имотен лист бр.109 за КО Алинци и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен бр.92984 за КО Чаир на КП бр.179 дел 1 викано место/улица Босна и Херцеговина и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 155/23044 идеален дел од КП бр.179/1 КО Чаир евидентирано во Имотен лист бр.92984 за викано место/улица Босна и Херцеговина и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата  за продажба на идеален дел на недвижности со Имотен лист бр.22905 за КО Штип-6, доставена од нотар Искра Кировска од Штип и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 место/улица Осоговска и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 92**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Игор Ромевски од Скопје за налог за извршување врз недвижност, доставен под И бр.51/17, за КО Д Водно и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 93**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје со Заклучок за прва усна јавна продажба доставен под И бр.627/2019, за КО Горно Лисиче и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 94**

Владата симна од Дневен ред Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И бр.259/18, која ќе се одржи на 9 септември 2020 година, за КО Ѓорче Петров 6.

**Точка 95**

Владата го разгледа Писмото од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија до претседателот на Владата на Република Северна Македонија за потврдување на предлози на акти, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав на Владата под бр.08-2/342 од 1.9.2020 година и заклучи да го извести Собранието на Република Северна Македонија дека:

1. Останува на текстовите на претходно доставените мислења согласно Прегледот на закони, акти и други материјали по кои Владата на Република Северна Македонија доставила мислење.

2. Во однос на Прегледот на предлози на закони, акти и материјали доставени до Собранието пред распуштање, а кои не се ставени или не се разгледани на седница на Собрание, Прегледот на закони, акти и други материјали кои останаа неразгледани, а се наоѓаат во дневните редови на седниците на Собранието и Прегледот на предлози на закони поднесени од Владата на Република Северна Македонија во Собранието по неговото распуштање, Владата заклучи да ги повлече од Собраниска постапка следниве закони:

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, по скратена постапка (на Дневен ред на 131 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за вршење на сметководствени работи (II читање);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, по скратена постапка;
- Предлог-законот за дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по скратена постапка;
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (II читање);

- Предлог-законот за медијација (II читање);
- Дополнетиот Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители (II читање - на Дневен ред на 123 седница на СРСМ);
- Дополнетиот Предлог на закон за лобирање (II читање - на Дневен ред на 123 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик (I читање);
- Предлог-законот за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка (на Дневен ред на 53 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за водите (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (*) (I читање - на Дневен ред на 131 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за планински патеки (I читање - на Дневен ред на 131 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (I читање - на Дневен ред на 131 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование (I читање - на Дневен ред на 109 седница на СРСМ);
- Предлог-законот за образование на возрасните (I читање - на Дневен ред на 126 седница на СРСМ) и
- Предлог-законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (I читање - на Дневен ред на 131 седница на СРСМ).

Во однос на останатите предлог-закони, акти и материјали доставени до Собранието на Република Северна Македонија, Владата останува на претходно доставените текстови.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по предлог-законите, актите и материјалите се определени избраните ресорни министри, а за повереници претходно определените без државните секретари во министерствата, освен во министерствата каде министерот има назначено државен секретар.

Дополнително, по назначување на државни секретари во министерствата, истите се определуваат за повереници по претходно предложените текстови на материјали во собраниска постапка.

Исто така, Владата го определи Александар Диље, раководител на Сектор во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на местото на Ментор Зеќири, директор на Фитосанитарната управа, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија по Предлог-законот за фитофармација.

## Точка 96

1. Владата ја разреши м-р Магдалена Несторовска, од должноста државен секретар во Министерството за внатрешни работи .

2. Владата од должноста членови на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, ги разреши:

- Садула Дураки и
- м-р Никола Димитров.

2.1. Владата за членови на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, ги именува:

- Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политичките прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и

- Бујар Османи, министер за надворешни работи.

3. Владата донесе Решение за изменување на Решението за определување заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

4. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

4.1. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

4.2. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за станбени прашања.

5. Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври – Еурокомпозит“ Прилеп, Тања Чачарова Илиевска да го отповика Милан Тоцев, од должноста прв извршен

член -генерален директор на Одборот на директори, АД „11 Октомври – Еурокомпозит“ Прилеп, на негово барање.

## Точка 97

**1.** По повод Известувањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставено под архивски број 02-6601/1, заклучи:

1) Предлог-заклучокот број 2 од Информацијата за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата (44-621/1 од 16 јануари 2020 година), донесен на Деветтата седница на Владата, одржана на 15 февруари 2020 година, да се измени и да гласи:

- Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа, да ја потпише Спогодбата меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата.

2) Предлог-заклучокот број 2 од Информацијата за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка (44-4566/1 од 24 април 2020 година), донесен на Педесет и седмата седница на Владата, одржана на 26 мај 2020 година, да се измени и да гласи:

- Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа да ја потпише Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите во врска со одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 5 август 2020 година, до 3 септември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за финансиска состојба и барање за итна финансиска помош на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата, Зоран Заев, претседател на

Владата Република Северна Македонија во соработка со м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да извршат дополнителни усогласувања, со цел за изнаоѓање на начин за надминување на овој проблем.

**Точка 98**

Владата разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски да преземе активности за измена на член 92 од Законот за поштенски услуги и во рок од 30 дена до Владата да достави предлог за изменување на Законот, со цел непречено функционирање на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје.

**Точка 99**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈПВ Лисиче-Велес за период април-јуни 2020 година, како материјал за информирање, со укажување да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

Исто така, предлагачот, во рок од 14 дена да достави план за подобрување на финансиското работење на претпријатието до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и одржување на координативен состанок во врска со ова прашање.

**Точка 100**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април - јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата го симна од дневен ред Кумулативниот и компаративен финансиски извештај за четврти квартал 2016 година во споредба со истиот од 2015 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје.

**Точка 102**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и компаративниот финансиски извештај за прв квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје.

**Точка 103**

Владата го симна од Дневен ред Тримесечниот финансиски извештај за финансиско работење за период од 1 април 2017 година до 30 јуни 2017 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје.

**Точка 104**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и компаративниот финансиски извештај за трет квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје.

**Точка 105**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и компаративен финансиски извештај за четврт квартал 2017 година во споредба со истиот 2016 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"-Скопје.

**Точка 106**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и компаративен финансиски извештај за прв квартал 2018 година во споредба со истиот 2017 година на Јавно

претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје.

**Точка 107**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и споредбен биланс на успех за втор квартал 2018 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје.

**Точка 108**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и споредбен биланс на успех за трет квартал 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје.

**Точка 109**

Владата го симна од Дневен ред Кумулативниот и споредбениот биланс на успех за четврт квартал 2018 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје.

**Точка 110**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2019 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата од работната група која е задолжена да изработи анализа за начинот и можностите за субвенционирање, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи дека обврските за дефинирање на мерки за субвенционирање се надминати со Законот за данок на моторни возила.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите во врска со спроведувањето на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определи м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 117**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, во предложениот текст.

**Точка 118**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, со Ревидиран оперативен план и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година.

2. Го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година.

**<u>Точка 120</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020, 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип, во вкупна вредност од 460 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2020 година – средства во износ од 10 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2021 година – средства во износ од 150 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2022 година – средства во износ од 150 милиони денари со вклучен ДДВ; и
- 2023 година – средства во износ од 150 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**<u>Точка 121</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд со Предлог – одлука за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, во предложениот текст.

**<u>Точка 122</u>**

Владата даде согласност за набавка на опрема, возила и мебел од програмите за прекугранична соработка ИПА фондови.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев